Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

# ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**Скопје**
**Јуни 2023 година**

# ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

- Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство чија примена започна од мај 2021 година е во согласност со Истанбулската Конвенција и меѓународните стандарди кои упатуваат на:
  - итно, сеопфатно и ефикасно постапување на институциите заради спречување на РБН и семејно насилство;
  - обезбедување на потребна заштита и услуги на жртвите согласно нивните потреби и интереси;
  - почитување на човековите права со почитување на интегритетот, достоинството и приватноста на жените жртви на насилство и семејно насилство;
  - преземање на мерки и активности за превенција;

# ПРЕДМЕТ, ЦЕЛ И ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА ЗАКОНОТ

- Постапување на институциите со должно внимание при преземање на мерки за превенција од родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство, меѓусебна координација на институциите и организациите, услугите за заштита на жртвите и собирање на податоци

- Превенција и спречување на родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на насилство, со почитување на основните човекови слободи и права

- Спроведување на принципот на еднаквост, елиминирање на стереотипите за родовите улоги, превенција и заштита од сите форми на дискриминација врз жените жртви, забрана за виктимизација, начело на зајакнување на жените кои трпат насилство

# ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

- **Родово базираното насилство** опфаќа широк спектар на различни форми на насилство: - физичко, психичко, економско, сексуално насилство и силување, сексуално вознемирување, сексуално вознемирување преку интернет, семејно насилство, демнење, присилен брак, присилен абортус и присилна стерилизација, женско генитално осакатување, трговија со жени и присилна контрола врз жените
- Родово базираното насилство врз жените е дискриминација врз жените што ги ограничува да ги уживаат правата и слободите на еднаква основа со мажите
- За да се постигне еднаквост и недискриминација потребно е промовирање и заштита на правото на сите, особено жените - жртви на насилство кои треба да живеат слободно без насилство, како во јавната, така и во приватната сфера

# СИСТЕМ НА ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА РБН и СН

- Системот на заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство согласно Националното законодавство во РСМ го сочинуваат две компоненти:

- **Мерки за заштита** - мерките за заштита на жртвата од родово-базирано и семејно насилство и членови на нејзиното семејство, обезбедуваат сигурност, безбедност и заштита од идно насисилство, како и нејзина интеграција и надминување на последиците од доживеаното насилство

- **Правен систем** - правниот систем за заштита на жртвите на родово базирано и семејно насилство го сочинуваат **казнено правен** и **граѓанско правен систем**

# ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ

- Заштитата на жртвите на РБН и СН треба да биде приоритет на надлежните субјекти кои се дел од правниот систем за заштита, кои треба да обезбедат помош и поддршка на жените жртвите на насилство и семејно насилство, спречување идно насилство, преземање законски мерки против сторителите и утврдување одговорност на сторителот

- Основен предуслов за итна и ефикасна заштита, помош и поддршка на жртвите е соработка и меѓусебна координација на надлежните субјекти при преземање на активности и мерки за превенција, спречување и заштита на жртвите на насилство врз жените и семејното насилство

# НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

Надлежни институции кои имаат законска обврска да ги штитат правата, интересите и потребите на жртвите на РБН и СН обезбедувајќи им психосоцијална помош и поддршка се :

- Министерството за труд и социјална политика / Центрите за социјална работа
- Министерството за внатрешни работи
- Министерството за здравство
- Министерството за образование и наука
- Министерството за правда / ОЈО, Судови

# ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

- Клучна установа која треба да се грижи за жртвите на било која форма на насилство и семејно насилство и да им овозможи пристап до секаков облик на помош, поддршка и заштита
- Да соработува со надлежните институции и граѓански здруженија и да ги координира активностите со цел да им овозможи на корисниците да ги добијат потребните услуги и квалитет
- Центарот за социјална работа е должен да извршува работи кои се однесуваат на:

  правата од социјална заштита и социјални услуги, услуги на стручна помош и поддршка, услуги на советување, правата и прописите за семејно-правните односи, правата утврдени со Законот за заштита на децата, правото на парична помош и други услуги утврдени согласно законската регулатива

# МАНДАТ НА ЦСР

- Улогата и надлежностите на службените лица од ЦСР се јасно дефинирани и истите се однесуваат на започнување постапка за сторено родово-базирано насилство врз жена или семејно насилство, преземање на мерки за заштита на жртвите, мерки за заштита на деца и лица со ограничена или одземена деловна способност:
  - информирање и упатување на граѓани во однос на остварување пристап до права од социјална заштита,
  - стручна помош и поддршка на поеднинец и семејства за надминување на социјални проблеми,
  - реализирање мерки и активности на социјална превенција и советување на поединец и семејство заради спречување и ублажување на последиците од социјални проблеми,
  - вршење непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба во домаќинството и потребите на членовите на домаќинството од социјална заштита, обезбедување пристап и развивање услуги во домот и изготвување на планови и програми за социјална заштита

# ПРИНЦИПИ НА РАБОТА НА ЦСР

- Родова перспектива и недискриминација;
- Навремена, соодветна реакција и должно внимание;
- Ефикасна заштита и достапност до услугите;
- Почитување на интегритетот и достоинството;
- Одговорност и професионалност во постапувањето;
- Должно внимание на правата, интересите и потребите на жртвата;
- Поддршка и заштита на децата и членовите на семејството;
- Тајност, доверливост при размена на податоците;
- Сигурност, безбедност на жртвата и избегнување на дополнителна виктимизација;
- Доброволност, партиципативност и согласност на жртвите за психо-социјална интервенција и третман;
- Координирано постапување;

- Услугите кои ги обезбедуваат и даваат стручните лица од ЦСР треба да бидат засновани на разбирање на насилството врз жените и децата жртви, водејќи се од родовата компонента, почитување на човековите права, избегнување на секундарната виктимизација и да се грижат за безедноста и здравјето на жртвите и последиците од доживеаното насилство

- Жртвите кои ги користат услугите на Центарот за социјални работи опфаќаат услуги на помош и поддршка во закрепнување од доживеаното насилство, зајакнување и спречување од повторно појавување на насилството и промена на нивните ставови и перцепции за насилството

## УСЛУГИ И СТРУЧНА РАБОТА

- Социјалните услуги кои ги добиваат жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство, како и останатите жртви на различни видови на насилство, треба да се во согласност со потребите и барањата на жртвата, моменталната состојба на жртвата која се јавила за помош и утврдената проценка за степенот на ризик

  Услугите кои ги добиваат жртвите согласно ЗСЗНЖСН, се дефинирани како:

- **Општи услуги за жртви –** услуги кои се однесуваат на пристап до здравствени и социјални услуги и

- **Специјализирани услуги за жртви –** услуги кои одговараат на конкретните потреби на жртвите на различни видови на насилство, вклучително и нивните деца

# СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ

Специјализирани услуги кои ги добиваат жртвите на родово - базирано насилство и семејно насилство како и другите жртви на различни видови на насилство се:

- Услуга на информирање и упатување;
- Услуга за советување;
- Услуга за привремен престој;
- Услуга за заштита и поддршка на жени жртви на сексуално насилство и силување;
- Услуга за долготраен третман на жени жртви на сексуално насилство и силување;
- Услуга за бесплатна правна помош;

# СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ

- Услугите на советување опфаќаат советодавна, односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство и тоа:
  - подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи; советување при развод на брак; семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи; психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство; психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и други специјализирани видови на советувања
- Давателите на специјализираните услуги може да бидат здруженија кои работат со жртви на родово-базирано и семејно насилство и кои ги исполнуваат уловите согласно законот и стандардите и процедурите за работа на лиценцирани даватели на специјализираните услуги

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

- Министерството за внатрешни работи е должно да креира политики за превенција и заштита на жените од родово-базирано насилство и семејно насилство, да реализира превентивни мерки за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, да ја промовира родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги, да се вклучува во кампањи и да подготвува програма за спроведување на почетна и континуирана едукација за полициските службеници кои работат на превенција и заштита на жртвите

- Полициските службеници се обврзани навремено и без одлагање да ги преземаат сите потребни активности и мерки, со почит и должно внимание на интересите и потребите на жртвите, особено кон жртвите со попреченост за кои активностите и мерките треба да бидат соодветно приспособени согласно нивните специфични потреби

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

- Примарна задача на полициските службеници е заштита и поддршка на жртвите на РБН и СН, почитување на човековите права на жртвите, родовата еднаквост, препознавање на родовата динамика на насилството, влијанието на облиците на насилство, односот меѓу жртвата, сторителот и нивната поширока социјална средина

- Итноста, професионалноста и ефикасноста на полициските службеници во постапувњето во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство е клучен показател за почитување на правата на жртвите, нивна заштита, безбедност, достоинство и личен интегритет

- Имлементирање на превентивни мерки и кампањи за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство и препознавање на последиците од извршеното насилство

# МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Основна цел на мерките за заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство е обезбедување непосредна помош и поддршка согласно потребите на жртвата, спречување и елиминирање на причините за повторно вршење на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и зајакнување на физичкиот и психолошкиот интегритет

Истите се изрекуваат заради запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање на ефикасни мерки кон сторителот на насилство, со цел елиминирање на причините за повторно вршење на насилството на сторителот на родово базирано насилство врз жени и жртвите на семејно насилство

# МЕРКИ НА ЗАШТИТА

Во однос на мерките за заштита, полициските службеници имаат клучна улога при преземањето на активности и дејствија кои се однесуваат на итната и привремените мерки за заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи

- **Итна мерка за заштита -** отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, се предлага и изрекува заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и писихичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство
- **Привремени мерки за заштита -** привремените мерки за заштита се изрекуваат заради запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање на ефикасни мерки кон сторителот на насилство, со цел елиминирање на причините за повторно вршење на насилството на сторителот на родово базирано насилство врз жени и жртвите на семејно насилство

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

- Здравствениот систем е една од институциите каде жртвите на родово-базирано и семејно насилство можат да добијат сеопфатна помош и здравствена заштита, а со тоа и можност за вклучување во мрежата на институциите кои се дел од системот за превенирање и спречување на проблемот со насилството
- Улогата на здравствениот сектор е од особено значање за жртвите на родово-базирано и семејно насилство, сектор кој на жртвите им овзможува да добијат здравствена заштита на сите нивоа - примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита
- Здравствените работници работните задачи треба да ги вршат совесно, стручно и ефикасно, водејќи грижа за здравјето и последиците на жртвите од извршеното насилство, при тоа водејќи сметка и за нивното достоинство

## МАНДАТ И НАДЛЕЖНОСТ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР

- Здравствените работници се должни да ја информираат жртвана на РБН и СН за нејзините права и услуги за поддршка (здравствена услуга, правото на придружник, право од социјална заштита, право на бесплатна правна помош, како и за начинот на остварување на услугите)

- Клучна улога во обезбедување помош, поддршка, заштита на здравјето и решавање на проблемот со кој се соочуваат жртвите на РБН и СН имаат матичните лекари. Поради природата на нивната работа, матичните лекари често имаат можност први да рзговараат со жртвите кои доживеале насилство и да ги воочат не само физичките повреди туку и други суптилни знаци на телото, како и по начинот на нивното однесување

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Министерството за здравство е задолжено да креира политики за превенција и заштита на жртвите од родово базирано насилство и семејно насилство

- да се грижи за обезбедување на здравствени услуги во мрежата на здравстсвени установи за жртвите и сторителите на родово базирано насилство и семејно насилство;
- да планира и дава препораки до здравствените установи за формирање на центри за упатување на жртви на сексуално насилство;
- да ја информира јавноста и здравствените работници за достапноста на постоечките услуги за третман и поддршка на жените жртви на родово базирано насилство, и жртвите на семејното насилство;
- да подготвува програма за спроведување на почетна и континуирана едукација за здравствените работници кои работат на заштита на жртвите на родово базирано и семејно насилство за рана детекција, грижа и помош на жртвите на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство;

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

- Голема улога во образованието и воспитувањето на децата имаат возрасните (наставниот кадар). Истите треба да бидат свесни за многубројните опасности со кои децата се соочуваат во периодот на нивниот раст и развој
- Возрасните, почнувајќи од семејството, предучилишните установи и училишта (основни и средни), треба да ги подготват децата за самостоен живот, да стекнат компетенции и да се изградат во здрави и одговорни граѓани во општеството
- Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, согласно надлежностите го задолжува Министерството за образование и наука на меѓусебна, институционална и мултисекторска соработка со сите надлежни институции заради преземање на мерки за превенција, спроведување кампањи за препознавање на последиците од насилството врз децата, воспоставување на систем за редовно објавување на информации за мерки за безбедност, совети и други корисни информации за превенција од насилство

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Министерството за образование и наука е должно да презема и посебни мерки кои се однесуваат на :

- донесување програми за еднаквост меѓу жените и мажите, ненасилно разрешување на конфликти, почитување на различностите, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги базирани на културата, обичаите, верата, традициите и другите практики кои се засноваат на идејата за подреденост на жените и мажите во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст;
- воведување содржини во наставните програми кои промовираат родова еднаквост, почитување на различностите, информации за сите форми на родово базирано насилство, воведување содржини во наставните програми кои промовираат родова еднаквост,
- спроведување почетна и континуирана едукација за воспитно-образовните кадри за родовата еднаквост, почитување на различностите, информации за сите форми на родово-базирано насилство и семејно насилство

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

- **Препознавање и пријавување на насилство -** вработените во училиштето во својата секојдневна комуникација со учениците може да забележат одредни промени во однесувањето на детето, да се посомневаат или препознаат симтоми и знаци кои упатуваат на емоционално или физичко насилство и да преземат соодветни активности и мерки согласно

  Протоколот за постапување во случај на насилство врз децата и упатството
- Секој вработен во училиштето е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот, да го почитува неговото достоинството, да го заштити интегритетот на ученикот согласно Конвенцијата за правата на детето, ЗПД и ЗСЗНЖСН
- Пријавувањето на насилството на учениците никогаш треба да се одложува

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА /СУДСТВО

- Институциите кои се дел од правосудниот систем имаат клучна улога во справување со родово-базираното и семејно насилство и истите се должни да ги штитат слободите и правата на граѓаните во текот на водењето на судската постапка
- Независноста, непристрасноста, еднаквоста, заштитата на правата на сите граѓани без разлика на нивните лични карактеристики, се неприкосновени права кои треба да се применуваат во сите фази од постапката
- Непочитувањето на основните права на граѓаните од страна на судската власт, како и секое постапување со граѓаните кое предизвикува нееднаков третман претставува дискриминација која во ни еден случај не треба да се применува и за која државата се обврзала да ги штити своите граѓани од било какви форми на дискриминација
- Академијата како составен дел од правосудниот систем, има за цел да ја подигне довербата на грѓаните во правосудните институции и да обезбеди полесен и поефикасен пристап до правдата

- Клучна улога во обезбедување на независно, непристрасно, професионално и ефикасно правосудство за владеење на правото и заштита на човековите права, во нашата држава има Академијата за судии и јавни обвинители. Основната дејност на Академијата е да врши прием и стручно усовршување на идните судии и јавни обвинители, континуирано стручно усовршување и унапредување на знаењата на веќе избраните судии и јавни обвинители, како и усовршување и обука за професионално, етичко и стручно извршување на работите и работните задачи

- Академијата како составен дел од правосудниот систем, има за цел да ја подигне довербата на грѓаните во правосудните институции и да обезбеди полесен и поефикасен пристап до правдата

## АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

- Поради дејноста и улога која ја има Академијата, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство предвидел одредби со кои Академијата се задолжува да ги извршува следните работи:
  - да подготвува програма за спроведување на почетна и континуирана едукација за кандидати, судии и јавни обвинители за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство,
  - да спроведува истражувања и анализа во областа на родово - базирано и семејно насилство,
  - да соработува со институции, здруженија, фондации и други организации во промоција и превенција од родово-базирано и семејно насилство,

- Надлежните судови и јавни обвинителства во постапките за родово-базирано и семејно насилство врз жените жртви се должни да постапуваат итно, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата, како и да ги имаат во предвид последиците од извршеното насилство, особено кај ранливите категории жртви, како во граѓанската, така и во кривичната област, водејќи се од принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите на родовите улоги
- Министерството за правда треба да обезбеди :
  - бесплатна правна помош,
  - финансиски средства за надоместок за жените жртви на родово-базирано насилство и семејно насилство,
  - финансиски средства за поддршка на активности за превенција и заштита од родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство,
  - да подготви програма за спроведување на почетна и континуирана едукација за овластените службени лица на Министерството за правда

- Граѓанско - правната заштита за жртвите на родово-базирано и семејно насилство се обезбедува од страна на граѓанскиот суд кој има надлеженост да постапува по поднесен предлог за итна и привремени мерки за заштита на жртвите
- Јавното обвинителство како самостоен државен орган во Република Северна Македонија е единствен орган кој ги гони сторителите на кривични дела, вршејќи ја својата функција законито, непристрасно и објективно
- Во текот на постапувањето јавниот обвинител е должен да ги почитува и заштитува слободите и правата на граѓаните и да се грижи за ефикасноста на кривичното гонење, како и да презема дејствија за откривање на кривичните дела и на сторителите
- Целите и функциите на судската власт опфаќаат непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките, заштита, почитување и унапредување на човековите права и основните слободи, обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото

# ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

- Улогата на граѓанскиот сектор во секое демократско општество е од исклучителна важност за демократските вредности и развој на една земја и е еден од главните столбови на демократијата. Граѓанскиот сектор во кој припаѓаат здруженијата на граѓани и фондации важи за еден од клучните ресурси кој го следи работењето на државните институции, со цел поголема отчетност и транспарентност на институциите

- Граѓанските организации се значаен фактор во превенцијата и справување со родово-базираното и семејно насилство, работат на подигање на јавната свест и сензибилизирање за проблемот со насилството. Работат на откривање и пријавување на случаите, пружаат бесплатна правна помош, нудат сместување во засолниште и психосоцијална помош и поддршка на жртвите и соработуваат со сите надлежни институции кои се грижата за заштитата и безбедноста на жртвите на родово-базирано и семејно насилство

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

- Граѓанскиот сектор има големо влијание и можност за зголемување на јавната свест на граѓаните покажувајќи голема самостојност во своите ставови, независност, транспарентност, добро владеење и граѓанско учество

- Граѓанските здруженија може да преземаат мерки за заштита, самостојно или во соработка со надлежниот центар за социјални работи. За да ја заштитат жртвата, здруженијата треба да и обезбедат привремено згрижување, медицинска помош, а по потреба да ја придружуваат и до најблиската здравствена установа, да и дадат соодветна психо-социјална интервенција и третман. Исто така здруженијата треба да обезбедат жртвата да добие психо-социјален третман во советувалиште, правна помош и застапување, да ја упатат до соодветните државни и други органи надлежни за економско јакнење на жртвата и нејзино активно вклучување на пазарот на трудот, преку надлежен центар за вработување

# МЕДИУМИ

- Медиумите имаат клучна улога во формирање на ставовите на граѓаните за одредини теми, додека начинот на пренесување на информциите влијае на развојот на свеста на јавноста во позитивна или негативна смисла
- Основна цел на медиумите е задоволување на потребите на граѓаните заради нивна информираност за сите важни општествени процеси и настани преку кои се пренесуваат информативни, едукативни, забавни и други содржини
- Особено е важно информациите да ги пренесуваат на непристрасен начин и да избегнуваат виктимизација и стигматизација на жените и жртвите на родово базирано и семејно насилство
- Во случаи кога медиумите известуваат за теми кои се однесуваат на родово-базирано и семејно насилство, секогаш треба да се земе во предвид заштитата на правата и идентитетот на сите жртви на насилство, особено на децата

- Кога се известува за одредени чувствителни теми како што се човековите права, правата на малцинските групи, правата на децата, правата на жртвите на родово-базирано и семејно насилство, медиумите треба да бидат добро подготвени за начинот на пренесување на информацијата, соодветно обучени, сензибилизирани и едуцирани за соодветната тема Особено е важно информациите да ги пренесуваат на непристрасен начин и да избегнуваат виктимизација и стигматизација на жените и жртвите на родово базирано и семејно насилство
- Една од основните обврски на медиумите/новинарите е да им помагаат на граѓаните во реализирање на нивните права, заштита на приватноста, заштита на изворот на информации, поддршка на жртвите и примена на водечките принципи на безбедност, доверливост, почитување и недискриминација

- Пред да се објави текстот во јавноста од страна на новинарите  потребно е да се обезбедат точни/вистински информации за настанот, секогаш да внимаваат на начинот на кој известваат за настанот, да бидат јасни, конкретни и да не користат зборови или поими кои посочуваат на вина на жртвата или да се додаваат одредени детали заради сензационалност на веста која ја објавуваат и која наместо да биде објективна води кон пропагирање
- Новинарот треба да објавува точни, проверени информации, да не прикрива суштински податоци, да ја провери точноста на информацијата колку што е тоа можно и да ја почитува приватноста на личноста

- Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат

# БЛАГОДАРАМ
# НА ВНИМАНИЕТО

**Цена Чаловска**
mail-  ccalovska@yahoo.com